Macedonian | Македонски

# Завршен извештај за напредокот во 2017-2021 Резиме

Национална стратегија за попреченост 2010-2020

# COPYRIGHT

This document, the *Final Progress Report 2017–2021 Summary National Disability Strategy 2010–2020: Macedonian,* is licensed under the Creative Commons Attribution 4.0 International License, with the exception of:

- The Commonwealth Coat of Arms
- The Department of Social Services logo
- Any third-party material
- Any images and/or photographs.

More information on this CC By licence is set out at the Creative Commons website: https://creativecommons.org/licenses/by/4.0/legalcode

**Attribution**

Use of all or part of this document must include the following attribution:
© Commonwealth of Australia (Department of Social Services) 2022

ISBN: 978-1-921130-70-0

Notice:

1. If you create a derivative of this document, the Department of Social Services requests the following notice be placed on your derivative: Based on Commonwealth of Australia (Department of Social Services) data.
2. Enquiries regarding this licence or any other use of this document are welcome. Please contact: Branch Manager, Communication Services Branch, Department of Social Services. Phone: 1300 653 227. Email: communications@dss.gov.au

Notice identifying other material or rights in this publication:

1. Australian Commonwealth Coat of Arms — not Licensed under Creative Commons, see https://www.pmc.gov.au/government/commonwealth-coat-arms
2. Certain images and photographs (as marked) — not licensed under Creative Commons

All website links provided in this document are correct at time of publication.

# СОДРЖИНА

Вовед 3
Австралиска влада 4
Влади на држави и територии 7
Локални органи на управа 15
Извори на податоци и ангажираност на заедницата 17
Поглед напред 18

# ВОВЕД

Овој документ е резиме на *Завршниот извештај за напредокот во 2017-2021* според *Националната стратегија за попреченост 2010-2020* (Стратегијата). Завршниот извештај за напредокот е крај на патешествието според Стратегијата, која ги постави темелите за сите нивоа на управа да работат заеднички на подобрувањето на животот на луѓето со попреченост. Австралиската влада ја промовира *Австралиската Стратегија за попреченост 2021-2031* на 3 декември 2021, за да ја замени *Националната стратегија за попреченост 2010-2020*.

Стратегијата постави 6 резултати кои треба да ги остварат сите нивоа на управа и австралиската заедница заради подобрување на резултати за луѓето со попреченост.

## Резултат 1: Сеопфатни и достапни заедници

## Резултат 2: Заштита на права, правда и законодавство

## Резултат 3: Економска сигурност

## Резултат 4: Лична поддршка и поддршка од заедницата

## Резултат 5: Учење и способности

## Резултат 6: Здравје и добросостојба

Сите нивоа на управа ја применија Стратегијата. Три посебни планови за примена ја насочуваа примената, опфаќајќи ги периодите 2011-2014, 2015-2018 и 2019-2020. Примената на Стратегијата на ниво на јурисдикција беше поттикната од плановите за лица со попреченост на државите и територииите. Овој приод им овозможи на владите на државите и територииите да се посветат на приоритетите поврзани со попреченост специфични за нивните региони. На ниво на локална управа, голем број општини подготвија сопствени планови за пристапност и вклученост во поглед на попреченоста.

Завршниот извештај за напредокот е комбинација на третиот и четвртиот извештај за напредокот на Стратегијата, опфаќајќи ги 2017-18 и 2019-2020 година. Исто така, во него е вклучена календарската 2021 година, во текот на која сите нивоа на управа останаа посветени на Стратегијата додека да се комплетира Австралиската Стратегија за попреченост.

Примената на Стратегијата е заедничка одговорност на сите влади. Како такви, сите нивоа на управа дадоа придонес во подготвувањето на извештајот. Завршиот извештај за напредокот ја демонстрира посветеноста на сите влади на исполнувањето на визијата на Стратегијата. Комплетниот завршен извештај за напредокот е достапен преку Министерството за социјални служби на Австралиската влада.

Стратегијата забележа низа постигања заради подобра поддршка и вклученост на луѓето со попреченост. Во продолжение е кус преглед на напредокот на владите во поглед на Стратегијата во периодот 2017-2021 година. Во продолжение се одбрани примери на постигања на владите, со повеќе примери дадени во комплетниот завршен извештај за постигањата.

# АВСТРАЛИСКА ВЛАДА

## Резултат 1 - Сеопфатни и достапни заедници

Од 2018 година, Australia Council for the Arts (Австралискиот совет за уметност) инвестираше 750.000 долари за промовирање на развојот на уметници со попреченост преку Arts and Disability Mentoring Initiative (Иницијатива за уметност и менторство на уметници со попреченост) и National Arts and Disability Awards (Национални награди за уметност и попреченост). Австралиската влада исто така обезбеди повеќе од 59,4 милиони долари за национални спортски организации на лица со попреченост и други групи во заедницата заради зголемување на учеството на луѓето со попреченост во спортот.

Во август 2019, министрите за транспорт на Австралиската влада и на владите на државите и териториите се договорија да ги модернизираат стандардите за транспорт. Во септември 2021, Австралиската влада ја објави втората ревизија на Premises Standards (Стандарди за простории). Австралиската влада и владите на државите и териториите ќе соработуваат во преземањето на акции врз основа на наодите на ревизијата.

Покренат во 2021, Disability Gateway (Портал за луѓе со попреченост) на Австралиската влада е бесплатна услуга ширум Австралија, посветена на тоа да им помага на луѓето со попреченост и на нивните семејства и негуватели да наоѓаат веродостојни информации и да ги поврзе со служби во нивните области. Порталот Disability Gateway е подготвен во консултација со луѓе со попреченост, нивните семејства и негуватели и со секторот за попреченост.

## Резултат 2 - Заштита на права, правда и законодавство

Комисијата на NDIS во 2020 година заврши со утврдувањето на сите функции на Началникот на NDIS ширум Австралија. Комисијата на NDIS работи на поддршка на правата на луѓето со попреченост преку подигање на нивната свест за нивните права, со обезбедување на материјали за учесниците, вклучително кампањата Speak Up, совети, информации и образовни материјали. Комисијата на NDIS овозможува пристап ширум земјата за заштита и подобрување на правата, здравјето и добросостојбата на учесниците во NDIS, во согласност со NDIS Quality and Safeguarding Framework (Рамка на NDIS за квалитет и заштита) за која се договорија сите влади во Австралија.

1800RESPECT е национална служба за советување, информирање и поддршка против домашно, семејно и сексуално насилство. 1800RESPECT има материјали за поддршка на луѓето со попреченост, вклучително мобилната апликација Sunny, достапен именик на служби и Disability Support Toolkit (Комплет алатки на интернет за поддршка на луѓе со попреченост) за работници во првата линија. Во 2018 година, работилницата Working with Women with Disabilities (Работење со жени со попреченост) и акредитирано e-Learning беа додадени на DV-alert - програма за обука на работници во првата линија кои работат со жени со попреченост. Австралиската влада исто така обезбеди 1,5 милион долари за подготвување и испорака на материјали за малтретирањето овозможено со технологија за жени со интелектуална и/или когнитивна попреченост и за работниците во првата линија кои им даваат поддршка.

## Резултат 3 - Економска сигурност

Во декември 2020, Австралиската влада ја промовира Australian Public Service Disability Employment Strategy 2020–25 (Австралиска стратегија за вработување на лица со попреченост во јавните служби 2020-25).

Нов модел на Disability Employment Services (Служби за вработување на лица со попреченост) почна со работа на 1 јули 2018, за да им се помогне на луѓето со попреченост да добијат долгорочно неограничено вработување во стандардната работна сила и да се подобри флексибилноста и изборот од страна на учесниците на нивниот претпочитан давател на услуги.

Во 2021, преку Women's Leadership and Development Program (Програма за лидерство и развој на жените), Австралиската влада обезбеди 820.899 долари за Women with Disabilities Australia (Жени со попреченост во Австралија), за да обезбеди дека мислењата на жените од различно потекло се слушаат во процесот на донесување прописи. Програмата исто така посвети над 3,7 милиони долари за проекти со кои се поддржуваат можностите за жени со попреченост за вработување и лидерство.

## Резултат 4 - Лична поддршка и поддршка од заедницата

NDIS е првата австралиска национална програма за луѓето со попреченост и претставува фундаментална промена на начинот на кој добиваат поддршка Австралијците со значителна и трајна попреченост.

Програмата Information, Linkages and Capacity Building program (ILC) (Информации, врски и зголемување на капацитетот) обезбеди дотации на организации за да спроведат проекти кои ќе им користат на сите Австралијци со попреченост, како и на нивните негуватели и семејства. Повеќе од 196 милиони долари беа доделени преку дотации фокусирани на економско учество, општествено учество и учество на заедницата и на подобрување на способностите на поединци во 2019-20 и 202-21 година.

Австралиската влада даде повеќе од 770 милиони долари во текот на четири години за поддршка на 2,65 милиони австралиски неплатени негуватели преку Carer Gateway – бесплатна специјализирана служба за поддршка на негуватели ширум Австралија.

## Резултат 5 - учење и способности

Во 2020 година, поранешното Министерство за образование, способности и вработување изврши ревизија на Disability Standards for Education 2005 (Стандарди во образованието за лица со попреченост 2005), додека завршниот извештај за ревизијата беше објавен во март 2021.

Во 2021 година, Австралиската влада во партнерство со SNAICC – National Voice for our Children (Национален глас за нашите деца), спроведе National Aboriginal and Torres Strait Islander Early Childhood Strategy (Национална предучилишна стратегија за Абориџините и луѓето од островите во Теснецот Торес).

Во декември 2021, Australian Disability Clearinghouse on Education and Training (ADCET) (Австралиска клириншка куќа за образование и обучување), со седиште во Универзитетот на Тасманија (UTAS), го започна модулот за електронско учење *Universal Design for Learning (UDL) (Универзален дизајн за учење) во високото образование,* преку нивната веб-страница Disability Awareness. Австралиската влада обезбедува преку седум милиони долари годишно преку Higher Education Disability Support Program (DSP) (Програма за поддршка на лица со попреченост во високото образование) на универзитетите, за да помогне студентите со попреченост да имаат пристап, да учествуваат и да бидат успешни во високото образование. Ова вклучува годишно финансирање на UTAS со околу 150.000 долари за да биде домаќин на ADCET.

## Резултат 6 - Здравје и добросостојба

Формирана во 2019 година, Hearing Assessment Program – Early Ears (Програма за проверка на слухот во млади години) обезбедува на сите деца од Првите нации да им бидат достапни бесплатни проверки на слухот.

Во почетокот на април 2020, Австралиската влада формира Советодавен одбор за здравје, Итно реагирање во врска со коронавирусот (КОВИД-19), за луѓето со попреченост. Меѓу членовите на одборот се луѓе со доживеано искуство со попреченоста и негуватели, претставници од секторот за попреченост, здравствени работници специјализирани за здравје во врска со попреченоста, истражувачи на полето на попреченоста и здравјето, и претставници на Австралиската влада. Претставници на државите и териториите исто така учествуваат во состаноците на одборот.

# ВЛАДИ НА ДРЖАВИ И ТЕРИТОРИИ

## Нов Јужен Велс

Владата на Нов Јужен Велс и локалните општини во Нов Јужен Велс ја поддржуваат примената на Стратегијата преку насочени Disability Inclusion Action Plans (DIAPs) (Акциони планови за вклученост на лица со попреченост). Со *Disability Inclusion Act 2014* (NSW) (Закон на Нов Јужен Велс за вклученост на лица со попреченост од 2014), на сите државни агенции и 128 локални општини им беше наложено да подготват и спроведуваат DIAP-планови со кои се утврдува како на луѓето со попреченост ќе им ја подобрат достапноста до вообичаените услуги и поддршка. NSW Disability Inclusion Plan (План на Нов Јужен Велс за вклученост на лицата со попреченост) и акционите планови за вклученост на лицата со попреченост се достапни онлајн и се предмет на редовна ревизија и известување.

Значајни постигања на Владата на Нов Јужен Велс според Стратегијата во текот на 2017-2021 вклучуваат:

- Државна конференција за попреченост заради промовирање на вклученост и вработување на лицата со попреченост.
- Подобрување на пристап до услугите на Владата на Нов Јужен Велс, вклучително превоз, игралишта, национални паркови и центри за услуги на Service NSW.
- Формирање на NSW Ageing and Disability Commission (Комисија за стареење и попреченост на Нов Јужен Велс) во 2019.
- Објавување на NSW Youth Justice Disability Action Plan 2021–2024 (Акционен план на Нов Јужен Велс за правда на млади лица со попреченост за периодот од 2021-2024 година).
- Кампањи за вработување на лица со попреченост ‘Don’t Dis My Ability’ („Не ги игнорирај моите способности“), ‘See the Possibilities’ („Види ги можностите“) и ‘Employable Me’ („Вработи ме“).
- Поддршка за вклучување на лица со попреченост преку Disability Inclusion and Action Plans (Планови за вклучување на лица со попреченост и акциони планови) за периодот 2016-2020 и 2021-2025 на Министерството за образование на Нов Јужен Велс, и Disability Strategy (Стратегија за лица со попреченост) на министерството.
- Проширување на специјализираната Intellectual Disability Health Service (Здравствена служба за лица со интелектуална попреченост) ширум државата.

# Викторија

Absolutely Everyone: State Disability Plan 2017–2020 (Апсолутно секој: Државен план за попреченост 2017-2020) („Апсолутно секој“) беше четиригодишен план на Викторија за остварување на визијата за инклузивна заедница која им дава поддршка на луѓето со попреченост да имаат задоволителен секојдневен живот. Два годишни извештаи и еден завршен извештај беа поднесени во Парламентот на Викторија, во кои беше наведен напредокот во однос на целите на „Апсолутно секој“. Пандемијата на КОВИД-19 влијаеше на објавувањето на завршниот извештај, поднесен во почетокот на 2022, со кој се покриваат последните две години на планот.

Значајни постигања на Владата на Викторија во однос на Стратегијата во текот на 2017-2021 вклучуваат:

- Соработка во партнерство заради испорака на 27 нови достапни јавни тоалети преку кампањата „Changing Places“.
- Јакнење на застапувањето на лица со попреченост преку Victorian disability advocacy futures plan (Викториски план за застапување на лица со попреченост во иднина), вклучително подобрувања на сектори и зголемување на основното финансирање на агенциите што даваат услуги преку Victorian Disability Advocacy Program (Викториска програма за застапување на лица со попреченост).
- Јакнење на економска самостојност и значајни патеки за кариера.
- Работа во правец на обезбедување Викторијците со попреченост да имаат пристап до NDIS и главните услуги.
- Подготвување на инклузивна образовна одредба и Disability Inclusion package (Пакет за вклученост на лицата со попреченост) од 1,6 милијарди долари во поддршка на политиката.
- Започнување на програмата Disability Liaison Officer (Службеник за врска за лица со попреченост) во градските и регионалните здравствени служби заради поддршка на пристапот до тестирање, лекување и вакцинација против КОВИД-19, како и на други основни здравствени служби.

## Квинсленд

Значајни постигања на Владата на Квинсленд во однос на Стратегијата во текот на 2017-2021 вклучуваат:

- Зголемена достапност и промовирање на инклузивноста во заедниците, вклучително поддршка за достапноста на превозот, достапноста на социјалното домување и на инклузивната уметност.
- Доделување 2,9 милиони долари годишно меѓу 2018 и 2020 година за подобрување на давањето услуги на луѓето со попреченост во контакт со системот за поправни служби.
- Зголемување на вработеноста на луѓето со попреченост преку програма за вработување Back to Work (Враќање на работа), и обезбедување знаење, квалификации и искуство преку иницијативата Skilling Queenslanders for Work (Обучување на жителите на Квинсленд за работа) заради поддршка на луѓето со попреченост да влезат и останат во работната сила.
- Поддршка на премин во NDIS преку отворање на програмата Disability Connect and Outreach заради помош на тешко достапните луѓе со попреченост да имаат пристап до NDIS.
- Поддршка при учење и развивање на способности преку програми, како што се Kindergarten Inclusion Support Scheme (Програма за поддршка за вклучување на деца со попреченост во забавиште) и Skills Disability Support (Програма за поддршка при стекнување способности).
- Поддршка на здравјето и добросостојбата на луѓето со попреченост, вклучително во текот на пандемијата на КОВИД-19, преку иницијатива како што е воспоставување на Long-Stay Rapid Response за испуштање од болница на пациенти со попреченост кои долго биле во болница.

## Западна Австралија

Во 2019 година, Владата на Западна Австралија спроведе консултации во заедницата заради создавање на визија за Западна Австралија инклузивна за луѓето со попреченост. После покренувањето на 'A Western Australia for Everyone': State Disability Strategy 2020–2030 ('Западна Австралија за секој': Државна стратегија за попреченост 2020-2030) и придружниот акционен план во декември 2020, завршени се низа акции.

Значајни постигања на Владата на Западна Австралија во однос на Стратегијата во текот на 2017-2021 вклучуваат:

- Проширување на мрежата Changing Places, поддршка за достапни јавни тоалети.
- Меѓу 2017 и 2021 година, инвестирање на 11,1 милион долари во организации за застапување, заради промовирање, заштита и обезбедување на човечките права на луѓето со попреченост во Западна Австралија.
- Зголемување на вработувањето на луѓе со попреченост во јавниот сектор преку Workforce Diversification and Inclusion Strategy for WA Public Sector Employment 2020–2025 (Стратегија за диверзификација и вклучување на работната сила за вработување во јавниот сектор во Западна Австралија 2020-2025).
- Поддршка за премин во NDIS, вклучително пренесување на многу иницијативи финансирани од државата во NDIS и инвестирање на 43,3 милиони долари во WA Sector Transition Fund.
- Поддршка на образовни насоки за сите ученици преку иницијативи како што се вградување на универзален дизајн во идно планирање на нови училишта и насочување на финансирањето преку Student-Centred Funding Model (Модел за финансирање фокусиран на учениците).
- Подобрување на здравствени резултати за луѓето со попреченост преку WA Disability Health Framework 2015–2025: Improving the health care of people with disability (Здравствена програма за лица со попреченост во Западна Австралија 2015-2025: Подобрување на здравствената нега за лица со попреченост).

# Јужна Австралија

Јужна Австралија постигна низа клучни достигнувања во однос на Стратегијата меѓу 2017 и 2021. Јужна Австралија го донесе *Disability Inclusion Act 2018 (SA) (Законот за вклученост на луѓето со попреченост 2018 (SA))* заради промовирање на целосна вклученост на луѓето со попреченост ширум државата. Јужна Австралија го објави првиот план на државата за вклученост на луѓето со попреченост - Inclusive SA 2019–2023, во поддршка на планирање за пристапност и вклучување на луѓето со попреченост, и известување од страна на државните агенции, државните агенции и локалните општини.

Значајни постигања на Владата на Јужна Австралија во однос на Стратегијата во текот на 2017-2021 вклучуваат:

— Поддршка на инклузивни заедници ширум Јужна Австралија, вклучително простори за играње, јавен превоз, спорт и рекреативни објекти.

— Донесување закони за заштита на правата на луѓето со попреченост и свикување на Safeguarding Taskforce (Работна група за безбедност) за да ги испита и поправи пропустите во превидувањето и обезбедувањето на луѓето со попреченост.

— Поддршка на вработувањето на луѓето со попреченост преку службата Capacity Building Placement for People with Disability (Вработување на лица со попреченост со зајакнување на нивните способности) и упатството Disability and Employment Practices Guideline (Лица со попреченост и пракса при вработување).

— Зголемено учество на децата со попреченост во спортски и културни активности со проширување на програмата „Sports Voucher“ и обезбедување дополнителна поддршка за децата со попреченост да учествуваат во програмата за безбедност на вода VACSWIM.

— Поддршка на можности за учење на учениците со попреченост преку индивидуализирани планови за учење, политиката Vocational Education and Training for School Students (Стручно образование и обучување на ученици) и можности за развој на просветните работници.

— Поддршка на развојот и тестирањето на Health Liaison Officers (Службеници за врска во здравството), иницијатива на NDIA во државните болници во Јужна Австралија.

# Тасманија

Accessible Island: Tasmania's Disability Framework for Action 2018–2021 (Accessible Island) (Пристапен остров: Рамка за акција за попреченост на Тасманија 2018-2021 (Пристапен остров)) е план на Владата на Тасманија за примена на Стратегијата. Accessible Island ја насочува работата на агенциите на Владата на Тасманија и има за цел да ги отстрани бариерите и да им овозможи на луѓето со попреченост да ги уживаат истите права и можности како сите други Тасманци. Сите агенции на Владата на Тасманија имаат Disability Action Plan (План за насочена акција во врска со попреченост) и секоја година поднесуваат извештај за примената на Accessible Island на Premier's Disability Advisory Council (Советодавен совет на Премиерот за попреченост) (PDAC).

Значајни постигања на Владата на Тасманија во однос на Стратегијата во текот на 2017-2021 вклучуваат:

- Поддршка на инклузивни заедници ширум Тасманија, вклучително паркови и отворени простори, уметност, јавен превоз и достапни настани и информативни системи.
- Ажурирање на полициски прирачници, пракса и обука со цел соодветно и со почит да се третираат луѓето со попреченост, и подготвување на поддршка за луѓето со попреченост во контакт со системот на поправни служби.
- Поддршка на вработување во јавниот сектор на луѓе со попреченост преку јавни агенции кои даваат поддршка, совети и материјали на персоналот на агенции и ангажирање со даватели на услуги за вработување на лица со попреченост.
- Објавување на клучни планови, вклучително Rethink 2020, државниот план на Тасманија за ментално здравје, и Supporting Tasmanian Carers: Tasmanian Carer Action Plan 2021–24 (Поддршка за негувателите во Тасманија: План за насочена акција во однос на тасманиските негуватели 2021-24).
- Подготвување на VET патишта засновани на докази за луѓе со попреченост и поставување на Inclusion and Access Coordinators (координатори за вклученост и пристап) за работа со училишта, за да се обезбеди учениците со попреченост да имаат еднаков пристап до можности за учење.
- Тесна соработка со секторот за попреченост заради давање достапни информации за КОВИД-19, клиники за поддршка и Disability Emergency Operations Centre (Ургентен центар за лица со попреченост).

## Австралиска Престолничка Територија

Инклузивни и достапни заедници се демонстрирани преку централната архива на знаење Involved. Оваа веб-страница, покрената во 2019 година, содржи информации фокусирани на попреченоста, заради поддршка на подостапна заедница и да ги направи информациите достапни и јавни.

Значајни постигања на Владата на Австралиската Престолничка Територија во однос на Стратегијата во текот на 2017-2021 вклучуваат:

— Поддршка на усвојувањето на минимален стандард на достапност во домувањето преку National Construction Code (Национален градежен кодекс) во 2021 година.

— Справување со достапност до правда за луѓето со попреченост преку ACT Disability Justice Strategy (ACT Стратегија за правда за лица со попреченост).

— Применети иницијативи за поддршка на вработување на луѓето со попреченост во ACT Public Service (ACTPS) (Јавниот сектор на ACT)ACT Public Service (ACTPS).

— Инвестирање на 580,3 милиони долари во текот на 4 финансиски години во NDIS, и застапување и подобрување на резултатите на луѓето со попреченост кои ја користат NDIS.

— Покренување на Future of Education Strategy (Идна стратегија за образование) во 2018 година, и поддршка на можностите за професионално учење заради поддршка на образовниот кадар да создава инклузивни простори за учење.

— Поддршка на луѓето со попреченост, нивните семејства, негуватели и секторот за попреченост за време на пандемијата на КОВИД-19, преку ACT COVID-19 Disability Strategy (ACT Стратегија за лица со попреченост и COVID-19) и COVID-19 – An ACT Operational Plan for People with Disability (COVID-19 - ACT Оперативен план за лица со попреченост).

# Северна Територија

Во 2021, Северната Територија започна консултации со заедницата за првата десетгодишна Стратегија за попреченост на Северната Територија и првиот тригодишен акционен план, што ќе бидат клучни за подобрување на резултатите за луѓето со попреченост во иднина.

Значајни постигања на Владата на Северна Територија во однос на Стратегијата во текот на 2017-2021 вклучуваат:

- Поддршка на инклузивни заедници ширум Северната Територија, вклучително национални паркови, јавен превоз и информативни системи.
- Продолжување на промовирањето на правата на корисниците на услуги и нивните семејства низ иницијативата Talk Up.
- Покренување на Disability Employment Program (Програма за вработување на лица со попреченост) во 2021 година, и обука на службеници во јавниот сектор за да се обезбеди дека Северната Територија има работна сила со доверба во попреченоста.
- Формирање на Northern Territory Disability Advisory Committee (Советодавен одбор за попреченост на Северна Територија) во 2019 година, форум што го советува министерот за попреченост за прашања кои имаат влијание на луѓето со попреченост и нивната интеракција со владините служби.
- Објавување и примена на 10-годишната Framework for Inclusion (Рамка за вклученост) и акционен план за образование.
- Поддршка на иницијативи и програми чија цел е идентификација на забавен развој, зголемување на свеста за знаци на невролошко-развојна попреченост, и за здравјето на слухот и ушите на децата и младите луѓе.

# ЛОКАЛНИ ОРГАНИ НА УПРАВА

Локалните органи на управа соработуваа со другите нивоа на управа преку Стратегијата заради подобрување на резултатите за луѓето со попреченост во нивните заедници. Локалните органи на управа подготвуваат планови што одговараат на единствените и специфичните потреби на нивните заедници, вклучително стратегиски планови, економски планови, планови за природната средина, планови за социјална вклученост и планови за справување со природни катастрофи.

Иако голем број општини имаат самостојни планови за попреченост, други вклучуваат приоритети во однос на попреченоста во други планови, како што се нивните планови за здравје и добросостојба или плановите за социјална вклученост. Планови за попреченост се подготвени во консултација со луѓе со попреченост и со нивните застапници, често преку специјално формирани Disability Advisory Groups (советодавни групи за попреченост). Во некои држави, локалните органи на управа се законски обврзани да подготват Disability Access and Inclusion Plans (планови за достапност и вклученост на лица со попреченост) (планови за попреченост) и да поднесуваат извештаи за напредокот на владите на нивните држави.

Australian Local Government Association (ALGA) (Австралиската асоцијација на локални управи) ги поттикнува сите локални органи на управа да подготват планови за попреченост и во нивните процеси на планирање да ги земат предвид потребите на луѓето со попреченост. Во 2016 година, ALGA во партнерство со Министерството за социјални служби на Австралиската влада, подготви Disability Inclusion Planning – A Guide for Local Government (Планирање на вклученост на лица со попреченост - Водич за локалните управи) за да им помогне на сите општини да планираат и применат подобрувања во нивните заедници за луѓето со попреченост, да воведат промени и да создадат инклузивни заедници за сите луѓе.

Значајни постигања на локалните општини во однос на Стратегијата во текот на 2017-2021 вклучуваат:

- Во Нов Јужен Велс, општините Penrith City, Hawkesbury Shire и Blue Mountains City соработуваа на Nepean Jobs For All, заеднички проект за поттикнување на бизнисите да вработат луѓе со попреченост.
- Во Викторија, проектот Inclusive Towns на City of Greater Bendigo започна во 2017 година и сега вработува шест службеници за поддршка со лично искуство со попреченоста, да работат со оператори на бизниси за да им помогнат да разберат дека вклученоста значи повеќе одошто овозможување физички пристап.
- Во Квинсленд, општината Brisbane City подготви сеопфатен 10-годишен план A City for Everyone: Inclusive Brisbane Plan 2019–2029, кој ги поддржува луѓето од сите возрасти, способности и потекла да патуваат, работат, живеат, уживаат и да се поврзуваат во Бризбејн.
- Во Западна Австралија, спроведена во партнерство со 30 општини и 10 партнери од приватниот сектор, This Bay Is Someone's Day, е уникатна кампања за подигање на свеста на заедницата за намалување на злоупотребата на местата за паркирање за лица со попреченост.

- Во Јужна Австралија, општината City of Tea Tree Gully го подготви својот Disability Access and Inclusion Plan 2020–2024 во соработка со една референтна група луѓе кои имаат животно искуство со попреченоста. Планот за попреченост веќе доведе до инклузивен дизајн на три спортски клуба, инсталирање на два Changing Places тоалета, и инспекција на неколку општински објекти и изнајмени згради за да се процени почитувањето на универзалниот дизајн.
- Во Тасманија, City of Clarence подготви сеопфатен Disability Access and Inclusion Plan 2021–2025.
- Во Северната Територија, Access and Inclusion Plan 2019–22 на City of Darwin, се надоврзува на претходната работа направена со Community Access Plan 2012–2017. Тоа обезбедува рамка за продолжување на поддршката на луѓето со попреченост да се ангажираат со Општината и да имаат пристап на сите области на работа на организацијата.

# ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ И АНГАЖИРАНОСТ НА ЗАЕДНИЦАТА

Освен извештаите за напредок на Стратегијата, беа подготвени други извештаи и ревизии, и тие ги демонстрираат напорите на сите нивоа на управа за поддршка на луѓето со попреченост. Овие документи дадоа важни јавни информации за владините напори во однос на Стратегијата и ги евидентираа погледите на луѓето со попреченост за тоа како тие ја гледаат работата на Стратегијата. Тоа вклучува:

- Некои држави и територии поднесуваат извештаи за нивните планови во врска со лицата со попреченост
- Извештај на Сенатската комисија за резултатите според Стратегијата да се изградат инклузивни и достапни заедници
- Независна ревизија на Social Policy Research Centre (Центар за истражување на социјална политика) за примената на Стратегијата
- Productivity Commission Review (Ревизија на Комисијата за продуктивност) на National Disability Agreement (Национален договор за попреченост)
- Јавна расправа на Кралската комисија за попреченост и привремен извештај.

## Извештаи во врска со Конвенција на Обединетите Нации за правата на луѓето со попреченост

Австралија повремено поднесува извештаи на Комитетот на Обединетите Нации за правата на луѓето со попреченост. Извештаите во последните години на Стратегијата ги вклучија извештајот на Австралиската влада; the Civil Society Shadow Report (Неформален извештај од Граѓанското општетство), Disability Rights Now 2019 (Правата на лица со попреченост сега 2019), подготвен од организации за застапување на луѓето со попреченост; и Concluding Observations (Заклучни согледувања) на комитетот.

## Извештаи за податоци за лица со попреченост

Во периодот на важење на Стратегијата, податоци за попреченоста беа објавени од неколку извори, вклучително:

- Истражување на попреченост, стареење и негуватели на Австралиското биро за статистика.
- Луѓето со попреченост во Австралија, извештај на Австралискиот институт за здравје
- и добросостојба
- Попис на населението и живеалиштата на Австралиското биро за статистика.
- Годишни извештаи на Националната агенција за осигурување на лицата со попреченост

## Ангажирање на заедницата

Австралиската влада ги финансира националните организации на претставниците на луѓето со попреченост за да даваат совети како начелата и програмите ќе влијаат на животите и искуствата на луѓето со попреченост. Овие организации ги даваат перспективите на луѓето со попреченост кои ги претставуваат. Повеќето влади на државите и териториите активно работат со луѓето со попреченост преку нивните советодавни групи за попреченост.

Подготвувањето на *Австралиската Стратегија за попреченост 2021-2031* вклучуваше големо ангажирање. Во консултациите учествуваа повеќе од 3.000 луѓе со попреченост, нивни семејства, негуватели и претставници. First Peoples Disability Network Australia исто така организира работилници со луѓе од Првите нации како дел од јавните консултации. Извештаи за консултациите се достапни

преку Министерството за социјални служби на Австралиската влада.

# ПОГЛЕД НАПРЕД

Извештајот го потврдува комплетирањето на Стратегијата и ги демонстрира напорите преземени од сите нивоа на управа. Објавена на 3 декември 2021, *Австралиската Стратегија за попреченост 2021-2031* ја замени Стратегијата.

Визија на Австралиската Стратегија за попреченост е сеопфатно австралиско општество кое на луѓето со попреченост им овозможува да го исполнат својот потенцијал како рамноправни членови на заедницата.

Како нејзиниот претходник, Австралиската стратегија за попреченост има области на резултати. Колективно, седумте области на резултати ги претставуваат областите за кои луѓето со попреченост рекоа дека треба да се подобрат за да се оствари визијата на новата стратегија. Однесувањето на заедницата и безбедноста се сметаат за клучни прашања за луѓето со попреченост и во Австралиската Стратегија за попреченост им е даден посилен нагласок.

Области со резултати од Австралиската Стратегија за попреченост се:

- Вработување и финансиска сигурност
- Сеопфатни домови и заедници
- Безбедност, права и правда
- Лична поддршка и поддршка од заедницата
- Образование и учење
- Здравје и добросостојба
- Однос на заедницата.

Со исполнување на приоритетите на политиката во секоја област на резултати, владите предвидуваат сите аспекти на австралискиот живот да станат поинклузивни за лицата со попреченост.

## Документи што ја сочинуваат Австралиската Стратегија за попреченост

Документи што ја формираат и поддржуваат примената на Австралиската Стратегија за попреченост вклучуваат:

- Outcomes Framework (Рамка на резултати) - мери, следи и известува за резултати за луѓето со попреченост во однос на приоритетите на политиката според областите на резултати.
- Engagement Plan (План на ангажирање) - опишува како луѓето со попреченост ќе бидат вклучени во примената на Австралиската Стратегија за попреченост во текот на нејзиното важење.
- Roadmap (Патна мапа) - дава едноставен преглед на клучните остварувања според Австралиската Стратегија за попреченост. Ова дава транспарентност на патот напред и одговорност за испорака.
- Evaluation Good Practice Guide Checklist (Водич за процена на добро работење - листа за проверка) - им помага на владите да извршат процена на политиките и услугите специфични за попреченоста и на тие за пошироката заедница.

- Targeted Action Plans (Планови за насочена акција) - владите направија планови за насочена акција за да постигнат напредок во постигнувањето резултати во конкретни области на Австралиската Стратегија за попреченост.
- Associated Plans (Придружни планови) - тоа се стратегии, планови, патни мапи и рамки кои се фокусираат на подобрување на аспекти на животот во Австралија за луѓето со попреченост и исто така работат на исполнувањето на визијата на Австралиската Стратегија за попреченост.

# Примена

За да се оствари визијата, фокусот на нејзината примена е зголемен. Владите се посветени да работат заедно и со луѓето со попреченост, заедниците, бизнисите и невладиниот сектор на примената на Австралиската Стратегија за попреченост и да се реализира нејзината визија на координиран и насочен начин. Тоа вклучува обезбедување дека во текот на важењето на Австралиската Стратегија за попреченост, нејзиниот дизајн и примена реагираат на променливи потреби.

Следните клучни иницијативи го олеснуваат тој пристап:

- Обезбедување дека акциите за остварување на приоритетите на политиките одговараат на прашањата на односот меѓу секторите.
- Јасен и лесно видлив опис на улогите и одговорностите на владите.
- Водечки принципи за развој на политики и програми што се базирани и ги одразуваат принципите за човечки права на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попречености.
- Примена на временски ограничени планови за насочена акција и долгорочни придружни планови.
- Примена на Outcomes Framework (Рамка за резултати) заради следење на напредокот во однос на Австралиската Стратегија за попреченост, стратегија за податоци заради поддршка за редовно известување и подобрување на процени и истражувања.
- Примена на аранжмани на раководење, вклучително централна единица што ќе ја води примената.
- Примена на Планот за ангажирање на Австралиската Стратегија за попреченост за да се обезбеди луѓето со попреченост активно да учествуваат во примената, надгледувањето и проценувањето.
- Јасна патна мапа за владите да се држат одговорни за постигнување на клучни остварувања и меѓници.

# Повеќе информации

Австралиската Стратегија за попреченост и придружните документи се достапни на Australia's Disability Strategy Hub на Disability Gateway.

Документите на Австралиската Стратегија за попреченост се достапни во Easy Read (Верзија за лесно читање) и во јазици на заедницата, вклучително Auslan (Знаковен јазик на Австралија).

DSS 2818.10.22